Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-3541/6
05.06.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Universiteti i EJL ne Tetovë -Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово – Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Nr.-Бр.-No. 03-1876/1
05.06.2025 viti-год.-year
Tetovë-Тетово-Tetovo

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2025 година, дава

## Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии- докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-970/6 од 25.5.2022 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, достави Барање бр. 03-1778/2 од 15.6.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-582/1 од 15.6.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-582/2 од 16.6.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 17.6.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-582/3 од 21.6.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 04.06.2025 01:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=71f3ae33-6ce6-4949-86c1-4efd7e8a8110&docSharePointURL=/materijali/2025/638787607426605086/Documents/act.docx&materialId=63f67cd5-c90b-46ed-ab4b-40a3e996a711** |

[1] 03-1876/1 [2025]

*ронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.06.04 19:33:23 +02:00

Подготвил: Маја Богоевска, 03.06.2025
Проверил: Никола Пасков, 03.06.2025
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 03.06.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 04.06.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.06.04 10:12:49 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 04.06.2025 01:47 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=71f3ae33-6ce6-4949-86c1-4efd7e8a8110&docSharePointURL=/materijali/2025/638787607426605086/Documents/act.docx&materialId=63f67cd5-c90b-46ed-ab4b-40a3e996a711** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*